УДК. 904:728.81(497.17)

Виктор ЛИЛЧИК

# НОВИ НАОДИ ОД ДОЦНОАНТИЧКИТЕ КРАЈПАТНИ КАСТЕЛИ КАЈ РОГЛЕ, СВИЛАРЕ, СОПОТ (AD CEPHALON) И ФАРИШ

Во врска со припремните работи за археолошката карта на Р. Македонија, истражувајќи поблиску неколку антички патни линии, посетивме во октомври и ноември 1990 година неколку утврдени пунктови во околината на Скопје и Кавадарци*. Се работи за локалитетите: „Кале“, Сопот (ad Cephalon) на релацијата Скупи – Сопотска клисура – Стоби, „Кале“, Г. Свиларе, на релацијата Скупи – Дервенска клисура – Полозите, „Кука“, Рогле, на патот Скупи – долината на рекичката Фуш – Полози, како и „Стража“, Фариш, на патот Стоби – долината на Раечка река – Керамие (Варош, Прилеп).

Сместени на доминантни, тешко освоиви ридски позиции, над старите патни траси, во теснините на споменатите клисури и речни долини, посадите на овие тврдини имале првенствена задача да го заштитуваат и контролираат патниот сообраќај во тоа време.

Првите истражувања на овие локалитети ги започнал д-р Иван Микулчик. Прв ги изработил планиметриите на кастелите и ги истражил основните карактеристики на нивните фортификации[1]. Продолжувањето на истражувањата на споменатите локалитети го изведовме со цел да се откријат нови податоци, како би се олеснило и прецизирало одредувањето на карактерот на овие тврдини, потоа да се прошират досегашните сознанија за нивната хронологија. Во текот на споменатото истражување извршивме теренска опсервација со прибирање на површински, претежно метални подвижни наоди. Нивната класификација следи, главно, според намената и тоа: оружје, опрема, орудија и монети. Присуството на оружје во нашите тврдини зборува дека навистина биле населени со војнички единици. Оружјето фигурира на сите кастели, со исклучок, засега, на „Кале“, Сопот. Пронајдените примери на оружје го сочинуваат: железни врвови на стрели,

---

* Благодариме на Жарко Мицевски, Јелена Лилчик и Иван Станчевски за соработката во текот на истражувањата на локалитетите.

[1] Според И. Микулчиќ, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје 1982, 100-101, 78-79. Кастелите на „Кале“, Сопот и „Стража“, Фариш, професорот д-р И. Микулчиќ со екипите во кои учествуваше и авторот на овој текст, ги истражуваше во текот на научно-истражувачкиот проект „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие“ меѓу 1980-1988 година.

војнички ножеви – ками, еден бронзен опков од рачката на кама, со врежани украсни орнаменти (Г. Свиларе), еден железен умбо – папок од штит (Рогле). Од војничката опрема истакнуваме дел од железен опков за војничка чизма, потоа повеќе железни клинчиња за истиот (Свиларе), дел од бронзена фибула, луковичест „Т“ тип (Рогле). Има повеќе примери на орудија. Пред сè група железни клучиња од Рогле и Сопот, како и две резиња. Потоа имаме сличен, мал бронзен клуч од Сопот. Сите тие потекнуваат од помали доцноантички касети за чување драгоцености и пари (на локалитетите веројатно царински каси)[2]. Потоа железната стругка од Рогле е потврда за столарскиот занает. Две долгнавести орудија (Рогле, Свиларе) веројатно претставуваат ваги[3]. Освен тоа среќаваме еден бронзен тег – скрупул, на златарот од Сопот. Од Кале, Сопот потекнуваат исто така и неколку пробојци и шила, потоа срп како и железен звонец за тревога во случај на опасност. Покрај тоа големиот број монети го илустрира времетраењето на животот во кастелите во доцната антика, главно во IV и VI век[4].

Во натамошниот дел на текстот следи каталог на наодите.

## „КУКА“, РОГЛЕ

### Оружје

1. Умбо од штит, Fe. Кружна шеширеста форма со плитка полукалотеста горна страна. на Врвот се наоѓа шилец. По работ се симетрично перфорирани четири мали отвора за клиновите со кои овој елемент бил прицврстен за дрвената арматура на штитот. Сочувани се 3 долги железни клина. Т/1-2, II/10, XII/2-3.
2. Нож, Fe. Сечило со дел од клинот за рачката. Т. II/6.
3. Стрела, врв, Fe. Плочесто сечило со крила. Т.I/5.
4. Фибула, Ae. Луковичеста, „Т“ тип. Сочувана една луковица и уторот за иглата. Т. XI/3.

### Орудија

5. Клуч, дел, Fe. Нога со три заба за покренување на механизмот за отворање, во триаголен распоред. Т.V/17. Влечен тип.
6. Клуч, Fe. Масивна нога свиткана под прав агол со телото. Носи 5 кратки заби. Телото правоаглен профил, благо проширено кон главата. Главата широка, прстенеста со два рамиња на долната страна. Т.V/14, XI/1-2. Влечен тип.
7. Клуч, Fe. Сличен на претходниот. Кусо тело, на ногата 2 куси заба. Главата откршена. Т.V/16.

---

[2] Поопширно за овие клучеви, како и воопшто за почетоците на клучарството во СР Македонија во античкиот период, спореди го авторовиот текст „Антички клучеви, од С.Р. Македонија, Културно наследство, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје, во печат.

[3] За слични наоди на ваги спореди: C. Praschniker-H. Kenner, Der Bädebezirk von Virunum, Wien 1947, 154, abb. 133, no. 8408.

[4] Во текот на читањето и идентификацијата на монетите се служевме со: P. Bruun, Roman imperial coinage (RIC), vol. VII, Constantine and Licinius a.d. 313-337, London 1966, J.P.C. Kent, RIC, The family of Constantine I, London 1951; D. R. Sear, Roman coins and their values, London 1970; W. Hahn, Moneta imperii byzantini (MIB) band 1, Von Anastasius I. bis Justinianus I (491-565), Wien 1973; Ibid, MIB, band 2, Von Justinus II. bis Phocas (565-610), Wien 1975.

8. Клуч, Fe. Сличен на претходните. Особено кусо тело преоѓа во широка прстенеста глава, делумно откршена. Т.V/15.
9. Клуч, Fe. Плочесто тело со проширување во долниот дел кон ногата. Завртен тип. Т.V/13.
10. Резе од брава на каса, Fe. Правоаголен запорен дел, тело со три отвори за вметнување на забите на клучот, и тесна нога-трн со правоаголен профил. Т.XI/1-2.
11. Вага (?), Fe. Правоаголно ковано лентесто тело, долг трн на едната страна и свиткан дел за кука на другата страна. Т.II/7.
12. Струшка, Fe. Долга рачка со правоаголен профил, и проширено триаголно сечило. Т.II/9.

**Монети (Т. IV, V)**

1. Ae Ав. Натп. нечитлив, завршува: VS P.F.AVG. Глава на царот вдесно со двојна бисерна дијадема во косата. Лево звезда.
   Рв. Натп. нечитлив. Фигури на два војника со сигна. 1,80 гр., пречник 13 мм. Датирање 4. век.
2. Ae Ав.D.N.(..?..) P.F.AVG. Портрет на царот со двојна бисерна дијадема во косата, вдесно.
   Рв. Фигурата на царот со лабарум и заробеник. 2,15 гр. 16 мм. 4 век.
3. Ae Ав. (D. N.) ARS + A (DIVS ..). Горниот дел на царскиот портрет.
   Рв. Монограм на Аркадиј IXR S во венец, горе звезда. Тежина 1,31 гр. Пречник 11,5 мм. Дат. Аркадиј (395-408).
4. Ae Ав. Натп. нечитлив. Портрет на царот вдесно.
   Рв. Монограм на Аркадиј сличен на претходниот, во венец. 1,18 гр., 9,5 мм. Аркадиј (395-408).
5. Ae Ав, Натп. нечитлив. Портрет на царот вдесно.
   Рв. (GLO) RIA EX (ERCITVS). Фигури на два војника. 0,70 гр. 16 мм. 4. век.
6. Ae. Ав. Натп. нечитлив. Портрет на царот вдесно.
   Рв. SALVS REI PVBLICAE. Викторија носи трофеј и влече заробеник. Во полето лево +. Долу CONS. 0,96 гр., 14 мм. II/2 4.в.
7. Ae Ав. Натп. нечитлив. Портрет на царот вдесно.
   Рв. (SALVS REI) PVBLIC (AE). Градска порта контура. 1 гр. 12 мм. 4в.
8. Cu Ав. D. N. ANA (STASIV) S P.P. (AVG). Портрет на царот вдесно
   Рв. M (40 нуми), горе крст, лево ѕвезда со 2 точки, во буквата M едно є. Долу CON. 17,41 гр. 33,5 х 2,5 мм. Анастазие I (491-518) Кована после 1. 9. 507 година.
9. Cu Ав. D. N. IVSTINVS P.P.AVG. Портрет на царот вдесно.
   Рв. M (40 нуми) со Г. Горе и десно по еден крст, лево звезда. Долу CON. 18,70 гр., 30 х 4 мм. Јустин I (518-527). Монетата е кована после 1. 9. 522 г.

10. Cu Ав. (D) N. IVSTINI(ANV)S P.P. AVG. Портрет на царот en face.
Рв. K (20 нуми), лево ANNO, десно XXXVIII, горе крст, долу TES. 6,12 гр., 23 x 2 мм. Јустинијан I (527-565). Монетата кована во Солун во 564/565 г.

11. Cu Ав. D. N. IVSTIN(NVS P. P. AVG.). Портрет на царот en face.
Рв. K (20 нуми), лево ANNO, десно нечитливи контури на бројот. Горе крст, долу TES. 9,60 гр., 25 x 2 мм. Јустин I. Кована во Солун од 562 до 565 година.

---

Застапени се значи монетите на „Кука", Рогле:

1. Цареви од втора половина на 4 век
2. Аркадие (395-408) II/2 на 4. век
3. Анастазие I, 507 година I/2 на 6. век.
4. Јустинијан I, 562-565 година

---

## „КАЛЕ", ГОРНО СВИЛАРЕ

**Оружје**

1. Два врва од стрели, Fe. Едниот целосно сочуван, другиот откршен на горниот дел. Се состојат од тулец со кружен шуплив профил за вовлекување на дрвениот дел на стрелата, и издолжен врв со две сечила. T.I/7-8.
2. 5 ножеви, Fe. Издолжени сечила со клинови за рачките. T. II/1-5.
3. Опков од рачка на нож, Ae. Цилиндрично свиткан лим 0,7 мм., со несоставени краеви. Висок 41 мм. Профилот елипсест, голем 24 x 16 мм. На предната страна мала кружна перфорација 5 мм. Украсен со плитко врежани линии: три полиња одделени со по 3 паралелни линии.
Во горното и долното поле по 3 линии врежани цик-цак. Во средното малку пошироко поле со дијагонални линии врежани мали ромбови. T. XI/5.

**Опрема**

4. Опков од војничка чизма, Fe. Тенок лим по чија средина во два реда повеќе кружни перфорации за прицврстување со клинчиња. T. I/6.
5. 16 мали клинчиња, Fe. За прицврстување на железните опкови на војничките чизми. T.I/5.
6. Фибула, дел, Ae. Сочувана една „луковица", како и дел од лежиштето-утор за иглата. T.XI/3.

**Орудија**

7. Вага, Fe. Правоаголно ковано тело, трн со кружен профил, откршена кука. Т.II/8.
8. Запорен ланец за врата, Fe. Три осмоаголни алки. Недостасуваат клинот за прицврстување во дрвениот дел, како и алката за фиксирање врз куката на вратата. Димензии 0,111 x 0,022 x 0,005. Т. III/8.

**Монети (Т. III)**

1. Ae Ав. IMP. DIOCLETIANVS AVG. Портрет на царот со круна вдесно.
   Рв. IOVI CONSERVAT. AVG. Јупитер ја држи малата Викторија и скиптар. Долу XXII. 4,16 gr. 24 x 1,5 мм. Диоклецијан (284-305).
2. Ae Ав. IMP. C. C. VAL. DIOCLETIANVS P. (F. AVG). Портрет на царот десно.
   Рв. CONCORDIA MILITVM. Контури на Диоклецијан лево, ја прима Викторија врз глобус од Јупитер, десно, со скиптар. Постреформско ковање на Диоклецијан (284-305).
3. Ae Ав. DN. THEODOSIVS P. F. AVG. Портрет на царот вдесно.
   Рв. VOT. X. MVLT. XX. во венец. 0,80 гр., 15 мм. Теодосие (379-395)
4. Ae Ав. D. N. (?...?). Контура на царскиот портрет вдесно.
   Рв. VOT. X. MVLT. XX. во венец. 0,94 гр., 13,5 мм. 4. век.
5. Ae Ав. (?...?) S (?) VS (?...?) Теодосиј?
   Рв. Натп. нечитлив. Стилизирана фигура на Викторија влече заробеник. 1,77 гр., 10 мм. II/2 4 век.
6. Cu Ав. D. N. IVS (TINIA) NUS P.P. AVG. Царскиот портрет en face, со крст во десната рака.
   Рв. K (20 нуми), лево ANNO, десно I. Горе крст, долу TES. 5,40 гр., 21,5 x 2 мм. Јустинијан I (527-565).
7. Ae Ав. CONSTANS P. F. AVG. Портретот на царот вдесно.
   Рв. VICTORIAE D. D. AVGG. Q. NN. Две Виктории една кон другата со издигнати венци. Долу SMTSI. 1,52 гр., 17 мм.
   Констанс (337-350). Предреформско ковање 337-346.

---

Застапени монети на „Кале“, Г. Свиларе

| | |
|---|---|
| 1. Диоклецијан (284-305) | |
| 2. Констанс (337-350) | 4. век |
| 3. Теодосиј (379-395) | I/2 6. век |

---

Оружје не е регистрирано

**Орудија**

1. Срп, Fe. Т. XII/4
2. Дел од Секира, Fe. Т. XII/6.
3. Звонец, Fe. Т. XII/5.
4. Струшка со назабен работен дел, Fe. Т. XII/7.
5. Група пробојци и шила. Т. XII/8-14. Бр. 11 можеби врв од стрела.
6. Минијатурен бронзен клуч за каса. Правоаголна нога, носи 3 широки запци, просечни по средината со плиток орез-каналче. Телото со правоаголен профил, украсено со 2 плитки линии врежани попреку, благо проширено кон главата, преку две рамења со остер профил преминува во главата. Главата е мала и прстенеста. Димензии 31 x 5 мм. Т. III/10, XII/1.
7. Резе од брава на касета, Fe. Крајно упростено, со трапезоиден запорен дел, правоаголно тело со само обичен отвор за клучот, и тесно лентеста нога-трн. Т. III/9, XI/4.
8. Бронзен тег на златар. Тежина 1,34 гр. Очуваност I. Првобитна тежина 1, 36 гр. Ав. IB. Додатни задаци ::, карати 8. Скрупули 1 1/3. Димензии 8 x 9 x 2,1 mm. Т. VII/16, XI/7-8.

**Монети, (Т. VI, VII)**

1. Ae Ав. IMP. LICINIVS P.F.AVG. Портрет на царот вдесно
   Рв. SOLI INVICTO COMITI. Сол држи глобус. Лево во полето DX, долу P (?) TS. 3.71 гр. 20 мм. Лициниј (308-324).
2. Ae Ав. D. N. VALEN(TINI) ANVS P. F. AVG.
   Рв. GLORIA ROMANORVM. Валентинијан држи лабарум и влече роб. Во полето десно Б, долу CONST. 2,02 гр., 17 мм. Валентинијан I (364-375).
3. Ae Av. D. N. VALENTINIANVS P. F. AVG.
   Рв. GLORIA ROMANORVM. Валентинијан со лабарум и заробеник. Во полето десно B, долу TES. 2,77 гр., 16,5 мм. Валентинијан I (364-375).
4. Ae Ав. D. N. VALENTINIANVS P. F. AVG.
   Рв. SECVRITAS REI PVBLICAE. Викторија влево со венец, десно P. 2,15 гр., 18 мм. Валентинијан I.
5. Ae. Ав. D. N. VALENTINIANVS P. F. AVG.
   Рв. Натп. нечитлив. Фигура на Викторија влево. 0,66 гр. 12 мм.
6. Ae Ав. Натп. нечитлив. Завршува со ВС П. Ф. АВГ.
   Рв. VOT. H. MVLT. XX. во венец. 1, 37 гр., 13 мм.

7. Ae. Ав. D. N. AR(CADIVS P.F.) AVG.
   Рв. SALVS RE(I PVB) LICAE. Викторија со трофеј и заробеник. Во полето лево ⳨ 1,25 гр., 13 мм. Аркадиј (383-408).
8. Ae. Ав. D. N. ARCADIVS (P. F. AVG.)
   Рв.Натп. нечитлив. Контура на Викторија. 1,27 гр., 13,5 мм.
9. Ae. Ав. D. N. THEODOSIVS P. F. AVG.
   Рв. SALVS REI PVBLICAE.Викторија носи трофеј влече заробеник. Лево ⳨ долу SMKA. 1,37 гр., 13,5 мм. Теодосиј (379-395)
10. Ae. Ав. D. N. THEO (DO) SIVS P. F. AVG.
   Рв. SALVS REI PVBLICAE. Лево ⳨ 1,70 гр., 13 мм Теодосиј.
11. Ae. Ав. Натп. нечитлив.
   Рв. SECVRITAS RE (I PVBLICAE). 1,42 гр., 12 мм.
12. Ae Ав. D. N. VALENTI(NIANVS ...).
   Рв. Натп. нечитлив. Војнички фигури. 1,11 гр. 14,5 мм.
13. Ae. Ав. Нечитлив.
   Рв. Крст во венец. 1,80 гр., 10 мм.
14. Ae. Ав. (D. N. ARCA) DIVS AVG.
   Рв. Нечитлив. 0,82 гр., 10 мм.
15. Cu Ав. Натп. нечитлив. Две фигури: Јустин II и Софија.
   Рв. K(20 нуми), лево ANNO, десно нечитливо. Горе крст, долу нечитливо. Јустин II (565-578).

---

Застапени монети на „Кале“, Сопот (ад. Цепхалон)

| | |
|---|---|
| 1. Лициниј (308-324) | почеток на 4. век |
| 2. Валентиниан I (364-375) | Особено II/2 4 век |
| 3. Теодосиј (379-395) | |
| 4. Аркадиј (383-408) | средина 6. век |
| 5. Јустин II (565-578) | |

---

## „СТРАЖА“, ФАРИШ

### Оружје

1. Врв од стрела, Fe. Биконично листесто сечило-врв. Всадник со кружен шуплив профил. T.I/4.

### Опрема-накит

2. Бронзен привезок. Мала прстенеста алка за прикачување и тролистен украсен дел (форма на детелина) со три кружни перфорации. T.XI/6. Димензии 21 x 16 мм.

### Монети (Т. VIII, IX, X)

1. Ae Ав. Нечитлив.
   Рв. (SAL)VS RE(I P)VBLIC(AE). Градска порта. 1,03 гр., 12 мм.

2. Ае Ав. (D.N.VALE)NTINIANVS (P.F...)
Рв. (SAL)VS REI PVBLIC(AE). Градска порта. 1,24 гр., 12,5 мм. Валентинијан I (364-375).

3. Ае Ав. D. N. VALE(NTINIANV) S P. F. AVG. Валентинијан I
Рв. GLORIAE ROMANORVM. Градска порта со 2 кули. 1,29 гр. 13,5 мм.

4. Ае. Ав. D. N. ARCADIVS P.F.AVG.
Рв. CONCORDIA AVGG. Крст. Долу МХ(?). 0,63 гр., 12 мм.

5. Ае. Ав. Нечитлив
Рв. Крст во венец. 0,85 гр. 11 мм.

6. Ае. Ав. Нечитлив.
Рв. VOT. X. во венец. Долу SMMH. 1,13 гр., 13,5 мм.

7. Ае. Ав. D. N.ARCADIVS P.F.AVG.
Рв. VOT. V. во венец. Долу SMK (?). 1,03 гр., 14,5 мм. Аркадиј

8. Ае. Ав. D. N. продолжетокот нечитлив.
Рв. VOT. X. MVL (T). X (..). во венец. 1,08 гр., 12 мм.

9. Ае. Ав. D. N. (VALE)NTIN(IA)NV(S P.F.) AVG. Валентинијан I.
Рв. VOT.XX. MVLT.XXX. во венец. Долу SMT. 1,08 гр., 17 мм.

10. Ае. Ав. Нечитлив. Портрет на царот вдесно.
Рв. G.(LORIA) ROMANORVM. Фигура на царот со лабарум и заробеник 1,49 гр., 17 мм.

11. Ае. Ав. Нечитлив.
Рв. Натп. нечитлив. Фигура на царот во оклоп, со копје и штит. Десно од него Викторија пружа кон неговата глава венец. 2,05 гр., 17 мм.

12. Ае Ав. D. N. ARCAD(IVS P. F. AVG.)
Рв. (GLORIA) RO(MAN)ORVM. Царот во оклоп и со шлем, копје и штит во левата рака на глобус ја држи малата Викторија. 1,32 гр., 15мм. Аркадиј.

13. Ае. Ав. Натп. нечитлив.
Рв. Контура на Викторија со заробеник. Натп. нечитлив. 1,04 гр, 13,5 мм.

14. Ае. Ав. (D. N.TH)EODOSIVS (...)
Рв. Натп. нечитлив. Контура на Викторија со заробеник. 1,28 гр. 13 мм. Теодосиј.

15. Ае. Ав. D. N.THEODO(SIVS P. F. AVG.). Портрет на царот вдесно.
Рв. SALVS REI PVBLICAE. Викторија носи трофеј и влече роб. 1,03 гр., 14 мм. Теодосиј.

16. Ае. Ав. D. N.VAL (...) Монетата е исечена половинка.
Рв. Контура на царот со лабарум и роб. 1 гр., 16 мм. Валентинијан или Валенс.

17. Ае. Ав. (D) N. ARCADIVS (P.V.AVG.).
Рв. (SALVS REI PV)BLICA(E). Контура на Викторија со роб. Лево во полето ᴘ. 1,18 гр., 13 мм. Аркадиј.

18. Ае. Ав. D. N. HONORI(VS P.F.AVG.). Портрет на царот вдесно.
Рв. Нечитлив. Контура на Викторија. 0,86 гр., 12 мм. Хонбо риј.

19. Ае. Ав. (D. N. THEO)DOSIVS P.F.AVG.

Рв. Натп. нечитлив. Контура на Викторија. 1,06 гр., 13 мм. Теодосие.

20. Ае. Ав. (D. N. HOMO)RIVS P.F.AVG.
Рв. SALVS REI (PVBLICAE). Викторија со трофеј и роб. Лево ⳨. 0,87 гр., 14 мм. Хонорие.

21. Ае. Ав. D. N. THEODOS(I)VS P.F.AVG. Портрет на царот вдесно.
Рв. SALVS R(EI P)VBLICAE. Контура на Викторија со трофеј и роб. Лево во полето ⳨. . Долу SM (..). 0,85гр., 15 мм.

22. Ае. Ав. D. N. TEODOSIVS P.F.AVG. Портрет на царот со двојна дијадема во косата и гердан околу вратот, вдесно.
Рв. SALVS REI PVBLIC(AE). Викторија со трофеј и роб. Лево ⳨. Долу X(...). 0,97 гр., 14 мм. Теодосие.

23. Ае. Ав. (D. N.......?) ANVS P.F.AVG.
Рв. SALVS REI PVBL(ICAE). Фигура на Викторија со трофеј и роб. Во полето лево ⳨. 1,41 гр., 12,5 мм.

24. Ае. Ав. D. N. VALENTINIANVS P.F. AVG.
Рв. SALVS REI PVBLICAE. Викторија со трофеј и роб. Долу нечитливо. 0,62 гр., 14 мм.

25. Ае. Ав. Потполно нечитлив.
Рв. Контура на Викторија со роб. Во полето лево ⳨. Долу CONS. 0,88 гр., 12 мм.

---

Застапени монети на „Стража“, Фариш

| | |
|---|---|
| 1. Валентинијан I (364-375) | |
| 2. Теодосиј I (379-395) | II/2 на 4. век |
| 3. Хонориј (393-423) | почеток на 5. век |
| 4. Аркадиј (395-408) | |

---

Значи, резимирајќи ги наброените наоди и споредувајќи ги со студиите за нивната фортификација доаѓаме до следните заклучоци.

На Кука, Рогле имаме силен пентагонален кастел, во кој очигледно престојувала војска, временски од половината на IV век па веројатно низ V в. сè до средината на VI, според монетните наоди. Основањето на кастелот веројатно датира за владата на Валентинијан I (364-375) кога е забележено зголемено градење или обновување на тврдините.[5]

На Кале, Г. Свиларе имаме нешто порани наоди. Овој кастел, исто така бил населен со војска, меѓутоа од почетокот на IV в., веројатно низ V + па сè до средината на VI век.

На Кале, Сопот засега имаме поинаква ситуација. Оружје нема, но тоа не значи дека нема допрва тоа да се открие. Очигледно е присутно цивилното население. Присуството на столари, металурзи,

---

[5] И. Микулчиќ, Spätantike Fortifikationen in der S. R. Makedonien, Atti del XXXIII Corso di cultura sull'arte ravennate e bizantina, Ravenna 1986, 256.

златар, укажуваат на значајна патна населба, преку која се одвивале сообраќајните врски и трговијата низ целиот IV, веројатно V и низ VI век. Забележуваме дека поради зголемените потреби од животен простор цивилите, главно занаетчиите се населувале интензивно на просторот источно и западно под ѕидовите на акрополата, но изгледа дека овие две подградија не биле посебно утврдени. Во класификацијата овој локалитет треба да се третира како еден силен кастел.

Кастелот, или подобро specula на Стража, Фариш, очигледно основан за време на Валентинијан I, претставувал стационар на мала воена единица, низ доцниот IV век сè до почетокот на V век. Нема подоцнежни наоди.

Viktor LILCHIK

## NEW FINDINGS OF LATE ANCIENT FORTRESSES AT ROGLE, G. SVILARE, SOPOT (AD CEPHALON) AND FARIŠ

### Summary

The presented findings of the four fortresses are articles in weapons, equipment, tools and coins. The weapons indicate the presence of army units in the fortresses with the task to control the roads from Skupi to Stobi and from Stobi to Prilep.

The findings have revealed new and unknown data in relation to the road communications in the late ancient period, and their protection at the most vital points.